**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД ФУНКЦИОНАЛНАТА АНАЛИЗА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**

## Вовед

Овој извештај е приказ за потребата од формирање на нова организациона единица односно **Сектор за проекти и поддршка на туризмот** во Министерството за култура и туризам.

## Цели на Функционална анализа

Функционалната анализа како една од алатките на системот за управување со квалитетот овозможува бројни придобивки за институцијата во која се спроведува, а некои од најзначајните се: утврдување на соодветна организација и систематизација на работните места во институцијата потребна за остварување на надлежностите и стратешките приоритети; создавање на предуслови за унапредување и промоција на туризмот како нова надлежност на Министерството за култура и туризам согласно Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20),; подобрување на ефективноста на институцијата; редуцирање или проширување на опфатот и големината на институцијата; проценка за потребните човечки ресурси; елиминација на несуштинските функции; балансирање на структурната поставеност со функциите кои се извршуваат, како и внатрешни консултации и креирање на организациска култура.

Согласно член 17 став 5 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20) во актот за систематизација на работните места може да се систематизираат најмногу 10% повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плати и надоместоци во буџетот на институцијата, освен за институции со помалку од 30 вработени, во кои може да бидат систематизирани до 50 работни места.

## Надлежности на Министерството за култура и туризам

Општите надлежности на Министерството за култура и туризам се утврдени со членот 26 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, согласно кој член ова министерство ги врши работите кои се однесуваат на:

- следењето, анализирањето и предлагањето акти и мерки за развој и
- унапредување на културата;
- примената, заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот
- јазик и неговото кирилско писмо;
  организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните
- установи и финансирањето на програми и проекти од национален интерес во оваа
- област;
- заштитата на културното богатство;
- издавачката, музичката, сценско-уметничката, филмската, галериската, библиотечната, архивската, музејската и кинотечната дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата.
- заштитата на авторското право и сродните права;
- споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес;

- интегралното планирање на развојот на туризмот и комплементарни активности;
- развојот, прогласување и одржливо користење на туристички простор и туристички дестинации од значење за туризмот;
- промоцијата на туризмот во земјата и во странство;
- подобрувањето на системот на вредност и конкурентност на туристичките
- места и производи;
- истражувањето на туристичкиот пазар и развој на туристички информациски
- систем;
- условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции;
- надзорот од негова надлежност и
- врши и други работи утврдени со закон

Со тоа Министерството за култура и туризам ќе има значителни надлежности за кои што ќе биде потребна соодветна внатрешна организациона поставеност како и соодветен број на вработени кои ќе можат во целост да ги реализираат надлежностите на министерството.

Дополнително на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за кутлтура и туризам извршува надлежности согласно со:

-I. **Закон за културата** („Службен весник на Република Македонија” бр. 31/98, 49/03, 82/05; 24/07; 116/10; 47/2011, 51/11; 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16; 11/18 и 11/18)

**- Национална стратегија за развој на културата за периодот 2013-2017** („Службен весник на Република Македонија” бр. 15/13)

**-Национална стратегија за развој на културата за периодот 2018-2022** („Службен весник на Република Македонија” бр. 81/18

**II. Закон за библиотеките** („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04; 89/08; 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/21);

**III. Закон за музеите** („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04; 89/08; 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 103/21)

**IV. Закон за аудиовизуелните добра** („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08; 47/11, 51/11, 154/15, 39/16 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21)

**V. Закон за заштита на културното наследство** („Службен весник на Република Македонија“бр. 20/2004, 115/2007, 18/2011, 148/2011, 23/2013, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);

**VI. Закон за авторското право и сродните права** („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16);

**VII. Закон за филмската дејност** („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 11/18 и 275/19);

**VIII. Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата** („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21);

**IX. Закон за употребата на македонскиот јазик** („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/98; 89/08, 116/10, 187/13, 152/15, 192/15 и 193/17); ВОН СИЛА

**X. Закон за употребата на македонскиот јазик** („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 21/24);

**XI. Закон за прогласување на старата Скопска чаршија за културно наследство од особено значење** („Службен весник на Република Македонија” бр. 130/08 и 171/10);

**XII.** **Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење** („Службен весник на Република Македонија” бр. 47/11 и 154/15);

**XIII.** **Закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** („Службен весник на Република македонија” бр. 75/10);

**XIV.** **Закон за прогласување на споменичката целина Крушево за културно наследство од особено значење** („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/12);

**XV.** **Закон за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење** („Службен весник на Република Македонија бр. 144/14)

**XVI.** **Закон за издавачката дејност** („Службен весник на Република Македонија” бр. 199/14 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21);

**XVII.** **Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење** („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15);

**XVII. Закон за туристичка дејност** („Службен весник на РСМ“, бр. 16 од 24.1.2025 година

**XVIII. Закон за такса за привремен престој** („Службен весник на РМ“ бр. 19/1996; 26/2002; 51/2003; 88/2008; 17/2011; 192/2015; 31/2020; „Службен весник на РСМ“ 16/2025

## Наоди и препораки од функционалната анализа

Министерството за култура и туризам, со измена и дополна на систематизација број 04-9509/5 од 05.11.2024 година формираше **Сектор за следење, анализа и креирање политики во туризмот** со две одделенија:

16.1 Одделение за креирање политики за развој на туризмот

16.2Одделение за развој и меѓународни односи во туризмот

Од досегашното функционирање се детектираше дека одредени сегменти од областа на туризмот како што е користењето на ЕУ и други фондови не се опфатени во веќе вопоставената организациона единица., а се неопходни за развој и поддршка на туризмот во РСМ. Оттука произлезе потребата од преименување на Секторот за следење, анализа и креирање политики во туризмот во Сектор за промоција и анализа на туризмот, меѓународна соработка, користење на ЕУ и други фондови, и категоризација, со две одделенија: Одделение за промоција на туризмот, меѓународна соработка и користење на ЕУ и други фондови и Одделение за анализа, истражување и категоризација. Напоменуваме дека бројот на 14 систематизирани работни места останува непороменет.

Промената во називот на Секторот и на одделенијата се врши од причина што се додаваат

Министерството, во насока на преструктуирање и опфаќање на надлежности кои досега не беа опфатени со Актот за систематизација, формира и нова организациона единица**, Секторот за проекти и поддршка на туризмот.** Во рамки на Секторот се воспоставуваат две одделенија. **Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Скопје** со 5 извршители: Раководител на одделение за проекти и поддршка на туризмот – Скопје, Советник за стратегиско планирање на проекти, Советник за административно – техничка поддршка на проекти, Виш соработник за управување со автокампови и проекти, Помлад соработник за управување со туристички развојни зони. Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга со 11 изврешители: Раководител на одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, Советник за административна поддршка на проекти-2, Виш соработник за управување со проекти со органска храна и еко туризам, Помлад соработник за административна поддршка на проекти-3, Помлад соработник за управување со проекти за екотуризам, Помлад соработник за архивско и канцелариско работење, Помлад соработник за управување со проекти за верски туризам и Самостоен референт за административна поддршка на проекти. Со овој сектор ќе се опфатат дополнителни сегменти како што се верски туризам, проекти за органска храна, екотурзам, развој на автокампови, управување со туристички развојни зони и субвенционирање на тур-оператори и други надлежности од оваа област.

Напоменуваме дека предвидените работни места во двата сектори со надлежност туризам, ќе се пополнат со преземање на 26 вработени административни службеници од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Во Сектор за промоција и анализа на туризмот, меѓународна

соработка, користење на ЕУ и други фондови,  и  категоризација се систематизирани 15 работни места, а во Секторот за проекти и поддршка на туризмот се систематизирани 18 работни места. За оваа намена при подготовка на Функционалнта анализа се избришаа 14 работни места од Актот за систематизација на работните места во МКТ, со цел да се формира новата организациона единица Секторот за проекти и поддршка на туризмот, во која се воспоставени две одделенија, проектна единица во Скопје и Струга.

Согласно Нацрт записникот од педесет и седмата седница на Владата на РСМ одржана на 11.03.2025 година бр.50-1865/11 Владата на РСМ го задолжи Министерството за култура и туризам да ја спроведе постапката за трансформација на канцеларијата на Креативна Европа во РСМ. За таа цел  Одделението за Креативна Европа  на ЕУ – подпрограма Култура се менува во Одделение за Креативна Европа на ЕУ. Во рамки на ова одделение покрај подпрограмата култура ќе се вршат работни задачи поврзани со спроведување на подпрограмата МЕДИА која досега се спроведуваше во Агенцијата за филм.

**Преодни и  завршни одредби**

Овој Акт претсавува основа за измена и дополна на правилникот за внатрешна организација и работа на министерствто за култура и туризам како и за  систематизација на работните места на Министерството за култура и туризам.

**М И Н И С Т Е Р,**

**Зоран Љутков**

Број: ________________________

Датум: ______________________